ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ,КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
Одделение за урбанизам, архитектура, градежништво
и заштита на животната средина
Бр. 11-265/2
26.03.2026год.
ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ„ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25, 101/25 и 127/25), Градоначалникот на општина Гевгелија го објавува следново

## С О О П Ш Т Е Н И Е
## ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВЕН УВИД

Се организира јавен увид на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А1.5 – станбени куќи во состав на селски стопански двор на дел од КП 221 КО Мрзенци, општина Гевгелија.**

Површината на проектниот опфат изнесува 555 m2.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А1.5 – станбени куќи во состав на селски стопански двор на дел од КП 221 КО Мрзенци, општина Гевгелија ќе биде објавен на веб страната на Општина Гевгелија.

Јавниот увид ќе трае 15 (петнаесет) дена, од 30.03.2026год. до 13.04.2026год.

Во споменатиот рок, сите заинтересирани граѓани и правни лица може да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетни листови кои може да се добијат на веб страната на општината или во одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
***Андон Сарамандов***